Врз основа на член 7 став 2 од Законот за царинската управа (“Службен весник на Република Македонија” број 46/2004 година), а во врска со член 449 став 3 од Уредбата за спроведување на Царинскиот закон (“Службен весник на Република Македонија” број 66/2005, 73/2006 и 40/2007 година), директорот на Царинската управа на Република Македонија донесе

**Упатство**
**за оценување на критериумите за висината на износот на општата гаранција**

1. Со ова Упатство се пропишува начинот на кој се оценуваат критериумите за висината на износот на општата гаранција за обезбедување на долг во постаката на царинско складирање или на увоз за облагородување со систем на одоложено плаќање кога се бара висината на општата гаранција да обезбедува помалку од 50% од висината на царинскиот долг кој би можел да настане.

2. Оценувањето од точка 1 на ова Упатство го врши Комисија за оценување на критериумите за висината на износот на општата гаранција за обезбедување на долг во постапката на царинско складирање или на увоз за облагородување со систем на одложено плаќање (во натамошниот текст: Комисија).

   Комисијата ја сочинуваат началникот на Одделението за царински и даночни постапки, кој е воедно и претседател на Комисијата, шефот на Службата за надзор на иматели на одобренија (во натамошниот текст: СНИО) на Царинарницата во која е поднесено барањето за намалување на износот на банкарската гаранција со дополнителен прилог барање висината на општата гаранција да обезбедува помалку од 50% од висината на царинскиот долг кој би можел да настане (во натамошниот текст: Барање), началникот на Одделението за контрола на трговски друштва, началникот на Одделението за наплата на приходи, буџет, гаранции и анализи, началникот на Одделението за царинско управна и прекршочна постапка и застапување. Во отсуство на началникот на Одделението за царински и даночни постапки претседател на Комисијата е началникот на Одделението за контрола на трговски друштва.

   Шефот на СНИО го прима поднесеното барање доколку истото е комплетно. Доколку барањето не е комплетно Шефот на СНИО со заклучок го отфрла како непотполно. Веднаш по примот на барањето Шефот на СНИО ги известува останатите членови на Комисијата. Секој од членовите на Комисијата по приемот на известувањето ги презема активностите потребни за оценка на Барањето кои се во негова надлежност.

   За извршената оцена Комисијата изготвува записник и заедно со предлог одлука за целосно или делумно прифаќање или одбивање на Барањето, го доставува до директорот на Царинската управа. Предлог одлуката мора да биде поддржана од најмалку четри членови, во кои е вклучен и претседателот на Комисијата.

   Комисијата ги доставува до директорот на Царинската управа записникот и предлог одлуката од претходниот став најдоцна десет работни денови од денот на приемот на комплетното Барање.

3. Правното лице кое поднесува Барање (во натамошниот текст: Барател) мора да ги исполнува критериумите од член 449 став 2 од Уредбата за спроведување на Царинскиот закон (“Службен весник на Република Македонија” број 66/2005, 73/2006 и 40/2007 година).

4. Барателот мора да ги исполнува и критериумите пропишани со член 449 став 3 од Уредбата за спроведување на Царинскиот закон.
5. Критериумот од член 449 став 3 алинеа 1 од Уредбата за спроведување на Царинскиот закон "да е доверлив и финансиски стабилен", е целосно исполнет кога:
   - Сопственикот, односно сопствениците со најмалку 10% учество во запишаниот капитал на Барателот, одговорните лица, членовите на органите на управување, членовите на органите на надзор, како и членовите на нивните семејства не биле сопственици на правно лице, односно одговорни лица, членови на органи на управување или членови на органи на надзор на правно лице над кое е поведена стечајна, односно ликвидациона постапка, односно не се сопственици на правно лице, односно одговорни лица, членови на органите на управување или членови на органи на надзор на правно лице кое има неплатени јавни давачки, освен доколку недвосмислено не се утврди дека истиот не придонел за настанување на стечај или ликвидација или својата функција во правното лице ја вршел непосредно пред или по настанувањето на причините кои довеле до стечајна или ликвидациона постапка или неплаќање на јавните давачки. Исполнувањето на условот се докажува со приложување кон Барањето на изјави под материјална и кривична одговорност. Кога како сопственик на Барателот се јавува правно лице, изјаво поднесува лице овластено да го застапува правното лице.
   - За финансиските извештаи на Барателот има позитивно мислење од независен надворешен ревизор;
   - Барателот работи со добивка, потврдена во финансиските извештаи ревидирани од независен надворешен ревизор;
   - Доколку Барателот, во моментот на поднесување на барањето, не располага со позитивно мислење од надворешен ревизор за финансиските извештаи од алинеја 2 и 3, тогаш поднесува финансиски извештаи (биланс на состојба и биланс на успех) за последната фискална година, извештајот од независниот надворешен ревизор го доставува во рок од 15 дена од изготвување на истиот. Комисијата од точка 2 на ова Упатство недостатокот на извештајот од независен ревизор го констатира во решението со кое се одобрува намалувањето на износот на банкарска гаранција и обврската за негово доставување. Доколку барателот не го достави извештајот од независниот надворешен ревизор во рок од 15 дена од изготвување на истиот, решението ќе биде укинато.
   - Вкупниот капитал на Барателот е поголем од триста илјади евра во денарска противвредност, потврден во финансиските извештаи ревидирани од независен ревизор.
   - Обврска за доставување на финансиски извештаи имаат Баратели опфатени во член 478 став 1 од Законот за трговски друштва (Службен весник на Република Македонија 28/04, 84/05 и 25/07)

   Во случаите кога е укинато претходно издадено одобрение за намалување на износот на општата гараниција заради тоа што истото било донесено врз основа на невистинити податоци ќе се смета дека Барателот не го исполнува условот на доверливост и финансиска стабилност во следните дванаесет месеци од моментот на донесувањето на одлуката за укинување на издаденото одобрение.

6. Критериумот од член 449 став 3 алинеа 2 од Уредбата за спроведување на царинскиот закон "уредно да ги исполнува обврските", е целосно исполнет кога:
   - Барателот уредно ги исполнува обврските по царински постапки, како што се почитување на роковите за завршување на постапката, почитување на роковите за доставување на листи за пресметка и извештаи за раздолжување, навремени

продолжувања на банкарската гаранција, навремени известувања до СНИО за настанати измени и сл. Состојбата се докажува со писмени информации од надлежните организациони делови на Царинската управа;

- Во последните дванаесет месеци немало донесени решенија за дополнителна наплата на царински долг кои произлегуваат од незавршена/нераздолжена царинска постапка на Барателот. Состојбата се докажува со писмени информации од надлежните организациони делови на Царинската управа;

- Барателот нема: 1) неплатен царински долг и други јавни давачки и 2) неплатени активирани банкарски гаранции на име обезбедување на царински долг.

  Исполнувањето на условот во точка 1 од претходната алинеја се докажува со приложување кон Барањето изјава под материјална и кривична одговорност од страна на Барателот. Состојбата во точка 1 во делот на царинскиот долг, даноците и акциза кои се наплаќаат при увоз, како и во точка 2 од претходната алинеја се докажува со писмени информации од надлежните организациони делови на Царинската управа;

- Барателот навремено ги подмирува сите настанати царински долгови и други настанати финансиски обврски кај царинските органи;

- Барателот навремено и целосно ги подмирува сите даночни обврски кај Управата за јавни приходи; и

- Барателот навремено и целосно ги подмирува сите обврски кон Фондот за здравствено осигурување, и Фондот за пензиско и инвалидско осигурување и Агенцијата за вработување.

  Исполнувањето на условите од претходните три алинеи не се докажува при одлучувањето за прифаќање на Барањето туку дополнително се проверува по службена должност.

Од аспект на докажувањето на условот за уредно исполнување на обврските, Комисијата посебно позитивно ќе ги цени:

- Увозот за облагородување исклучиво со лон работа;
- Царинското складирање на стоки со помал ризик и
- Поседувањето на важечки ИСО стандарди

при што истите не се задолжителни за докажување на овој услов, ниту пак нивното постоење автоматски значи докажување на овој услов без да се исполнат условите од претходните ставови на оваа точка.

7. Критериумот од член 449 став 3 алинеа 2 од Уредбата за спроведување на царинскиот закон “да ги води сите пропишани евиденции кои даваат можност за непречена контрола”, е целосно исполнет кога:

- Евиденцијата која ја води Барателот е соодветна за следење на постапката и посебно на задолженоста на банкарската гаранција во секој момент;

- Барателот има внатрешна пишана процедура за следење на задолженоста на гаранцијата и систем на внатрешна контрола за да не се поднесе царинска декларација за ставање на стоката во постапка за која не е обезбеден соодветен износ на банкарска гаранција; и

- Барателот располага со соодветна поставеност за надзор и непречена контрола на постапката.

8. Комисијата може да предложи 30% обезбедување, односно гаранција на царински долг кој би можел да настане доколку Барателот:
   - Има искуство во царинските постапки повеќе од две години,
   - Не претставува лице за кое постои поголем ризик согласно член 4 т. 30 од ЦЗ
   - Го исполнува критериумиот од алинеја 1 во точка 5 на ова Упатство;
   - Ги исполнува условите од точка 6 на ова Упатство; и
   - Ги исполнува критериумите од точка 7 алинеја 1 и 3 на ова Упатство.

9. Комисијата може да предложи 10% обезбедување, односно гаранција на царински долг кој би можел да настане доколку Барателот:
   - Има искуство во царинските постапки повеќе од три години;
   - Не претставува лице за кое постои поголем ризик согласно член 4 т. 30 од ЦЗ;
   - Ги исполнува критериумите од алинеја 2, 3, и 4 во точка 8 на ова Упатство;
   - Го исполнува критериумот во алинеја 2 од точка 7 на ова Упатство;

10. Условот за искуство во царинските постапки со континуирано исполнување на условите од точка 3 на ова упатство даден во точка 8 алинеа 1 и точка 9 алинеа 1 не се бара доколку барател е компанија која не е регистрирано во Република Македонија во потребниот период наведен во споменатите алинеи, а во која сопственик со најмалку 10% учество во запишаниот капитал е компанија од актуелните листи на Фортуне Глобал 500 и Бусинесс Њеек Глобал 1.200.

11. Комисијата ќе предложи изземање од обезбедување, односно гаранција на царински долг кој би можел да настане доколку Барателот:
   - Ги исполнува критериумите за намалување на обезбедувањето, односно гаранцијата од точка 8 и точка 9 од ова Упатство и
   - Ги исполнува условите од алинеја 2, 3 и 4 во точка 5 од ова Упатство.

12. Критериумите под кои е издадено одобрението за намалување на висината на износот на гаранцијата треба да бидат исполнети постојано за цело време на важност на одобрението.

13. За сите настанати промени кои влијаат на докажување на критериумите, со што изјавите или доказите кои биле доставени заедно со Барањето повеќе не се целосно или делумно валидни, имателот на одобрението за намалување на висината на износот на гаранцијата е должен без одложување да ја извести Царинската управа која врши дополнителна оценка на исполнувањето на критериумите врз основа на новонастанатата состојба.

    За поголеми промени со карактер од претходната точка, имателот на одобрението е должен претходно писмено да го извести надлежниот царински орган.

14. Претходно одобрените намалувања на банкараските гаранции повторно ќе се оценат согласно критериумите во ова упатство во рок од еден месец по стапувањето во сила на ова упатство.

15. Оваа Упатство стапува во сила со денот на донесувањето.

**ДИРЕКТОР**
**Ванчо Каргов**